**УПАТСТВО**
**ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА КОРИСНИЦИ НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**

## I. ОСНОВ

Правото на субвенциониран студентски оброк се остварува согласно Законот за субвенциониран студентски оброк (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/20 и 150/21) и Правилникот за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 299/20).

## II. УСЛОВИ

Корисници на субвенциониран студентски оброк се **редовни студенти на додипломски студии** на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија, кои:
а) не се во редовен работен однос;
б) не се регистрирани како индивидуални земјоделци и
в) немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година

## III. ПРИЈАВУВАЊЕ И НАДЛЕЖНОСТИ

На својата веб-страница Министерството објавува јавен повик во кој се наведени условите и роковите за пријавување за субвенциониран студентски оброк. Имено, рокот за пријавување по јавниот повик за тековните студенти е од 1 до 31 август 2021 година. За кандидатите кои ќе се стекнат со статус на студенти во академската 2021/2022 година и кои не го запишале летниот семестар рокот за пријавување е од 1 до 31 октомври 2021 година.

Министерството за образование и наука подготвува електронска апликација преку која секој кандидат може да се пријави за користење на правото на субвенциониран студентски оброк.
Во оваа електронска апликација секој кандидат ги внесува бараните податоци кои ги обработува и одобрува Министерството за образование и наука.

По пријавувањето во електронската апликација, а за цели на регистрирање на корисниците на субвенциониран студентски оброк потребно е кандидатите да пополнат пријава за упис и истата да ја прикачат на електронската апликација. Пријавата содржи согласност за користење на личните податоци на подносителот како и изјава за точност на внесените податоци во неа. Исто така пополнуваат и прикачуваат изјава за точност на податоците содржани во пријавата.

Оператори на електронската апликација за времетраење на повикот се одговорните лица од студентските служби на Универзитетите.

Во рок од три дена по завршување на рокот утврден со јавниот повик, студентската служба на високообразовната институција ги предава до Министерството за образование сите пријави во електронска форма.

Исто така, студентската служба доставува електронски податоци за сите пријавени студенти, а кои се однесуваат на нивниот статус на редовни студенти не подоцна од 3 дена по завршувањето јавниот повик. Овие електронски податоци се доставуваат така што секоја високообразовна институција ги прикачува бараните податоци на електронската апликација на Министерството, во формат (**во прилог**) предвиден од Министерството. Овој формат е задолжителен формат за обработка на податоците за сите високообразовни институции заради можност за воедначена обработка на истите од страна на Министерството. Студентската служба може да ги достави списоците со сите редовни студенти на својот факултет при што Министерството ќе го изврши филтрирањето на податоците. Се препорачува прикачувањето на списоците со редовни студенти на електронската апликација да се одвива по завршување на јавниот повик, за да не се случи мешање на податоци со оние на студентите (кои во тој момент ќе се пријавуваат).

**Универзитетите се должни до 23 јули 2021 година да достават овластени лица на кои Министерството за образование и наука ќе им овозможи пристап до истата за да можат да ги прикачуваат бараните списоци.**

Министерството за образование и наука по службена должност ќе ги побара доказите за останатите потребни податоци од надлежните институции (МВР, УЈП, АВРМ и студентските домови) во рок од три дена од приемот на податоците. Надлежните институции се должни во рок од три дена да ги достават бараните податоци до Министерството за образование и наука.

## IV. ОДЛУЧУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Министерството за образование и наука ги разгледува пристигнатите пријави со потребните податоци и му предлага на министерот кои студенти се квалификуваат за добивање на правото на субвенциониран студентски оброк за тековната академска година.

Министерството го испишува лицето од евиденцијата на корисници на субвенциониран студентски оброк кога ќе утврди дека повеќе не ги исполнува условите за користење на субвенциониран студентски оброк. Министерството за образование и наука по службена должност најмалку два пати годишно ја проверува исполнетоста на условите за стекнување на правото на субвенциониран оброк преку барање на ажурирани податоци од надлежните институции.

## V. ПОДДРШКА

За сите технички прашања поврзани со апликацијата лице за контакт од Министерството за образование и наука е Кети Костовска 070 709 390, keti.kostovska@mon.gov.mk, за останати прашања поврзани со остварување на правото на субвенциоран студентски оброк контакт лица од Министерството за образование и наука се Маја Бичиклиски, 075 402 543 maja.bicikliska@mon.gov.mk Анастасија Трајковска, 075 32 77 87 anastasija.trajkovska@mon.gov.mk и Ќенан Сали, 075 276 310 qenan.sali@mon.gov.mk